**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МНЗА**
**(за периодот декември 2024-декември 2025 година)**

**16 јануари 2025** – 29. вебинар со Пол Шеток: „Разбирање на аутизмот од конфузија до свесност“.

**20-24 Јануари 2025** – Теа Петрушева, м-р Фики Гаспар и проф. д-р Владимир Трајковски беа присутни на обука во Адана (Турција) во рамките на проектот „Поддршка на учениците со АСН преку физичко образование“.

**03.03.2025** – МНЗА организатор на семинарот: „Поддршка на децата со аутизам преку физичко образование“ што се одржа во салата за седници на ФЗФ со 40 учесници.

**02.04.2025** – Проф. д-р Владимир Трајковски одржа предавање за студентите од ММСА при Медицински факултет во Скопје со наслов: „Декодирање на аутизмот: клиничка перспектива за идните доктори по медицина“.

**9-10.04.2025** – МНЗА домаќин на вториот координативен состанок во рамките на проектот „Поддршка на децата со АСН преку физичко образование“. Настанот се одржа во Меморијалниот Центар на холокаусостот со 20 учесници од Турција, Литванија, Летонија и Македонија.

**14.04.2025** – Проф. д-р Владимир Трајковски и м-р Фики Гаспар одржаа предавање и учествуваа во дискусијата на трибината посветена на сенозрната чувствителност кај аутизмот, а во организација на Општина Кисела Вода.

**28 април** 2025 – вебинар со мајката Анабела Димоска: „Терапевтски искуства со Томатис методот кај децата со аутизам низ призмата на една мајка“.

**Април 2025** – одржана интернет кампања по повод 2 април, светскиот ден на аутизмот, повеќе гостувања на портали, ТВ емисии.

**22 Мај 2025** – Одржана Свечена академија по повод 25 години постоење на МНЗА во салата за седници на Филозофскиот факултет во Скопје.

**28 Мај 2025** – Претседателот на МНЗА одржа 2 предавања за аутизам за Центарот за аутизам во Резекне, Летонија.

**Јуни 2025** – МНЗА започна истражување со Институтот за микробиологија и паразитологија, во врска со испитување на микробиомот кај децата со АСН.

**26 јуни 2025** – Претседателот на МНЗА одржа предавања на тема: „Аутистичен спектар на нарушување – религиозна инклузија“ во рамките на „Третата меѓународна конференција за религиски дијалог и соработка“

**27.07.2025** – Објавен прирачникот „Autism Spectrum Disorder and Sports: A Guide for Teachers and Educators is now available“, во кој МНЗА учествува со едно поглавје и целиот е преведен на македонски јазик и достапен онлајн на официјлната веб страница.

**20-24 октомври** – Весна Филиповска, м-р Теа Петрушева, м-р Фики Гаспар, Стојан Андонов и проф. д-р Владимир Трајковски учествуваа на обуката за употребата на ВР очилата кај децата со АСН во Адана, Турција, во рамките на проектот „Поддршка на децата со аутизам преку физичкото образование“.

**5 декември 2025** – МНЗА организира семинар „Виртуелната реалност како иновативен пристап во поддршката на лица со аутистичен спектар на нарушување“ во ООУ „Владо Тасевски“ со 34 учесници.

**9-10 декември 2025** – м-р Фики Гаспар и проф. д-р Владимир Трајковски учествуваа на третиот проектен состанок во Истанбул, Турција во рамките на проектот: „Поддршка на децата со аутизам преку физичкото образование“.

**Од декември 2024 до декември 2025 година објавен е 1 труд во реномирано списание и 1 апстракт од конференција**:

1. Wang T, Sharp M, Morella I, Bedogni F, Trajkovski V, Brambilla R, Syed YA. Mice with 16p11.2 Deletion and Duplication Show Alterations in Biological Processes Associated with White Matter. *International Journal of Molecular Sciences*. 2025; 26(2):573. https://doi.org/10.3390/ijms26020573
2. Trajkovski V. Autism spectrum disorder and religious inclusion. Book of Abstracts Third World Conference for Religious Dialogue and Cooperation “Religion and the contemporary phase of globalization: possibilities and challenges”. Krushevo, 23-27 June 2025; 55.

Претседател на МНЗА,
Проф. д-р Владимир Трајковски